**Општина Охрид**

Бр.09-7283/13

Охрид, 07.10.2025 год.

ГРАДОНАЧАЛНИК

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-492
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и 202/24) и член 34 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), во врска со член 50 од Законот за урбанистичко планирање(„Сл.Весник на РСМ“бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Градоначалникот на Општина Охрид, донесе:

**ОДЛУКА**
**за организирање на повторена**
**јавна анкета и јавна презентација за**
**Нацрт Детален урбанистички план за УЗ 2 УБ 2.4 опфат 1,**
**Општина Охрид**

**СЕ ОРГАНИЗИРА повторена јавна анкета и јавна презентација** за Нацрт Детален урбанистички план за УЗ 2 УБ 2.4 опфат 1, Општина Охрид, плански период 2023-2028, со тех. бр. 54/23 од септември 2025 год., изработен од ДПУП "Пологпроект-ПРО" доо Гостивар.

1. Планскиот опфат на **Нацрт ДУП за УЗ 2 УБ 2.4 – опфат 1, општина Охрид,** е со површина од 0.73 ха и неговата местоположба е дефинирана во границите на:
   Започнува од точка 1 на југозападниот дел од опфатот, оди кон југоисток по границата на КП бр. 16788 се до пресекот со интегрирана сообраќајна површина 1 (точка 2), на југоисток се движи по интегрирана сообраќајна површина "1" се до пресекот со станбената улица "СТ 10", продолжува по осовината на станбената улица "СТ 10" се до пресекот со сервисната улица "Партизанска" (точка 3), каде продолжува по осовината на улица "Партизанска" кон северозапад се до пресекот со пешачката патека 1 (точка 4), продолжувајќи понатаму кон југозапад по пешачката патека "1", станбена улица "СТ 9" и интегрирана сообраќајна површина "2" до точка 5, свртува кон југ до точка 1 каде што започнала.

2. Планскиот опфат на Н**ацрт Детален урбанистички план за УЗ 2 УБ 2.4 опфат 1, Општина Охрид,** е со површина од 0,73 ха

3. Планскиот опфат е дефиниран во границите на:

- јужната граница на КП 16788 КО Охрид 3
- Интегрирана сообраќајна површина 1
- Станбена улица СТ10
- Сервисна улица-Се2.2 ул.„Партизанска”
- Пешачка патека 1,
- Станбена улица СТ 9
- Интегрирана сообраќајна површина 2

**Општина Охрид**

ГРАДОНАЧАЛНИК

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-492
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

4. Повторената Јавната анкета ќе трае од **24.10.2025 до 06.11.2025 год.**

**5.** Повторената Јавната презентација ќе се одржи во големата сала на општин Охрид на ден **05.11.2025 год.**со почеток во**12.00часот**

6. Заради обезбедување пристапност и увид од страна на граѓаните и правните лица, планот освен н ектронскиот систем е-урбанизам, ќе биде истакнат во холот на општина Охрид пред големата сала за состаноци, ќе биде објавен на web страната на Општина Охрид, а Повикот за организирање на Повторена ЈА и ЈП ќе биде објавен во информацискиот систем е-урбанизам во делот на огласи, на веб-страната на општината, со печатени плакати и соопштенија во и околу подрачјето на планскиот опфат.

7. Стручната служба ќе дава објаснување секој работен ден од 12 до 14 часот во просториите на општина Охрид.

8. Заинтересираните граѓани и правни лица своите предлози ,забелешки и мислења можат да ги достават на анкетни листови во хартиена форма и електронска форма додека трае повторената јавната анкета.

ГРАДОНАЧАЛНИК
**Кирил Пецаков**

Kiril Pecakov Digitally signed by Kiril Pecakov Date: 2025.10.07 12:32:40 +02'00'